Архитектонски факултет
Факултетско студентско собрание
18 Бр. 22/18
4.3. 2024 год.
Скопје

Врз основа на член 11 алинеја 7 и член 31 алинеи 2, 3 и 4 од Стаутот на Факултетското студенско собрание на Архитектонски факултет – Скопје , на студентите на Архитектонски факултет и Наставно-научниот совет им го доставувам следниот

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За работа на Факултетското студенско собрание при Архитектонски факултет – Скопје од период од 02.02.2023 – 02.02.2024

Во овој извештај кој како Претседателка на Факултетско студенско собрание на Архитектонски факултет – Скопје годишниот извештај го доставувам до студентите на Архитектонски факултет и до Наставно-научен совет, каде што се наведени и објаснети сите активности на собранието во изминатата година

Работата на Факултетското студентско собрание при Архитектонски факултет, според Статутот донесен... се одбива во рамките на комисии составени од студентските претсавници - членови на ФСС-АФС кои имаа за цел да структурираат надлежности и ангажмани каде што преставниците сметаа дека можат најмногу да придонесат. Од горенаведеното произлегува и стуктурата на овој извештај со цел студентите и сите засегнаги да имаат увид во работата на Собранието и што сработило во својот мандат

# 1. Настани и логистика

## 1.а Гостинско предавање

Комисијата за настани и логистика организираше гостинско предавање во Амфитеатарот на Архитектонски факулет, каде што темата на предавањето беше поврзана со архитектурата и присуствуваа студенти и различни заинтересирани

1.а Јакоб Д' херде - ,, Beyond architecture – Meaning of space and time ”



Прилог 1 : Фотографија од предавањето на Јакоб Д'херде

## 1.б Филмска проекција

Како настани за подигнување на културата на студентите се проекциите кои се одржаа во Амфитеатарот на Архитектонски факултет . Прикажани беа филмови кои беа директно поврзани со архитектурата но и доста филмови што беа поврзани со уметност , сценографија и теми кои би биле интересни за студентите. На крај од проекциите беа одржани кратки презентации каде што се развиваа дебати во однос на темата на филмот и се развивање размислувањето на студентите со меѓусебно општење.

Сметавме дека е важно да се продолжи филмската програма која беше започната од претходниот мандат се со цел да стане традиција на студентите каде што ќе можат да се дружат и истовремено да ги прошируваат своите интереси и знаења

Дел од филмовите што се прикажуваа беа :
"Витиќ Танцува" "Parasite" "The Grand Budapest Hotel"
" Trauman show" "Colombus" "The Shining" "Castle in the sky"










Прилог 2 : Постери за филмската проекција

# 2. Комуникации и односи со јавноста

## 2.а Студентски попусти

Организирање на студенски попусти кои важат за студентите на архитектонски факултет во различни локали кои се наоѓаат во близина на факултетот се со цел да се подобри студенскиот стандард




Прилог 3 :  Постери за студентските попусти

## 2.б Социјални мрежи

Комисијата за комуникации и однос со јавноста ги предводеше социјалните мрежи на Факултетско студенско собрание . Бевме активни на профилите на Инстаграм и Фејзбук како и до групите формирани за сите генерации на факултетот за поажурно комуницирање . Сите активности кои беа организирани од страна на на Собранието на факултетот беа објавувани на социјални мрежи. Воедно беа објавувани различни настани , изложби , конференции , обуки кои би биле од интерес на студентите







Прилог 4 : Настани кои беа објавувани на социјалните мрежи од страна на ФСС - АФС

## 3. Универзитетско и надворешно дејствување

Собранието беше активно вклучено во Универзитетско собрание каде што членовите дирекно учествуваа во активностите кои беа организирани од страна на Универзитетско студентско собрание Пример за учество : За меѓународниот ден на студентите беа изложени дел од проектите кои беа изработени од страна на студентите на Архитектонски факултет во Културниот студентски центар во Скопје

Заедно со Деканатот , Собранието беше вклучено во организација на различни настани како Skopje project и со подршка на Деканатот студентите на АФ беа на патување во Загреб со посета на архитектонската конференција “Oris day” . Учество на обука и регионален натпревар “Allplan” и Обука за студенти “Digital twin , Gis and BIM Technologies

Бевме дел од отворениот ден на студентите, каде што заинтересирани идни студенти имаа прилика да разговараат за целовкупното искуство на студентите, да поставуваат прашања и секако беа водени низ просториите на Архитектонски факултет

Заедно со Градежен факултет организиравме две забави каде што студентите од двата факултета имаа можност да се дружат а со тоа и да развијат соработка за идни проекти



Прилог 5 : Фотографија од меѓународниот ден на студентите







Прилог 6 : Постери од обуки










Прилог 7 : Организација на настанот Skopje project

Прилог 8 : Постери од студентски забави

## 4. Внатрешно дејствување

Примарната цел и обврска на комисијата за внатрешно дејствување и на сите претставници , беше да се овозможи непречена комуникација и координација помеѓу студентите и наставниот кадар како и помеѓу студентите, Деканатот и Студенската служба на Факултетот . Студентите од овој мандат беа застапени во телата на факултетот : Наставно-научен совет, Деканска управа и Комисија за самоевалуација , каде што претсавниците ги пренесуваа и ги застапуваа ставовите на студентите

Оваа учебна година се соочивме со проблем со недостасување на потписи и оценки во индекс кои оправдано не беа внесени поради вонредната состојба поврзана со Covid – 19 каде што решивме да назначиме еден претавник на генерација кој ке биде ангажиран за индексите се со цел сите студенти на ефективен брз начин да им се внесат оценки и потписи во индекс.

При дискусија увидовме дека имаме потреба од повеќе простории каде што студентите ќе можат непречено да работат . Собранието даде предлог за пренамена на бараките во простории каде што студентите ќе може да работат, да се одмараат и да се одржуваат различни настани и акивности . Со таа цел бевме во непречена комуникација со Деканатот на АФ и со Факултетското студентско собрание и Деканатот на Градежен факултет за формирање на еден таков заеднички културен центар, Воедно бевме и во комуникација со УСС каде што ќе ни дадат соодветна подршка за остварување на оваа идеја . Се разгледуваа различни програми и констатиравме дека соодветно би било да се организира и студентски конкурс каде што студентите дирекно ќе бидат вклучени во иразботката на Културниот центар.

## 5. Комисија за самоевалуација

Како главна и единствена активност на комисијата за самоевулација беше создавање на анкети за различни цели во зависност од барањата во моментот.

Прва анкета што ја изработи комисијата за самоевалуација беше анкета за заинтересираност за обуки на графички софтвери и обуки за меки вештини , кои сметавме дека би биле од корист на студентите и имавме голема заинтересираност за учење на нови програми се со цел проширување на знаењето на студентите како 3Д Max , Adobe Photoshop , Adobe Illustrator , Autodesk AutoCad.

Организиравме анкета за да добиеме поголемо разбирање за потребите на студентите на Архитектонски факултет и какви настани им се потребни некои од прашањата што ги поставивме беа : Дали студентите сметаат дека има потреба од организирани настани за дружба помеѓу студентите и дали би учествувале , Дали имаат потреба од т.н Архитектонски разговори / дебати , Дали им е потребна посебна платформа за комуникација , кои платформи би ги користеле и сл .

Дополнително сппроведовме анкета за учество на настанот на Skopje Project која беше неопходна за полесна организација за истиот настан

Воедно заедно со Деканатот работевме за принтерот, 3д принтање и другите машини да се стават во функција се со цел да можат студентите да ги користат . Изработивме ексел документ што ги содржи сите предмети каде студентите им се потребни тие машини и конкретно што принтаат. Пр разговор со Деканатот увидовме дека најдобро би било на почетот да го работат тоа студентите на факултетот, и се пријавија двајца студенти кои би биле вклучени директно во употребата на принтерот , 3Д машината и сл.

## 6. Финансиско работење

Заедно со Деканатот преку ИКСА фонтот на Уким беа овозможени финансиски средства за одржување на летната школа во Лазарополе и беа обезбедени финансиски средства за сите студенти за предметот Архитектонско студио , каде што студентите имаа можност тие средства да ги искористат за потребигте на предметот

## 7. Завршен осврт

Низ целиот мандат се залагавме за правата на студентите како и во рамките на нашиот факултет така и надвор , каде што заедно со Универзитетското студенско собрание бевме активни учесници во креирање на подобар студенстки стандард.

Иако во овој мандат успеавме да реализираме само дел од поставените цели , успеавме да оставиме пример за како би можело да работи едно Факултетско студенско собрание и кои се активности може да ги содржи што сметаме дека би било добра мотивација на идните претставници да направат поголеми промени

Претседателка

Ана Ангелова